РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

| Примено: | 13 09 2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 0801 | 562/1 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-505/4

10. 06. 2021 год.-viti

Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) по „Македонски јазик и книжевност“ на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) по „Македонски јазик и книжевност“ на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-94/26 од 06.05.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се обрати со барање бр.0809-330/1 од 18.05.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-505/1 од 19.05.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) по „Македонски јазик и книжевност“ на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-505/2 од 26.05.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 28.05.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-505/3 од 03.06.2021 година, каде е наведено дека, за студиската програма од прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) по „Македонски јазик и книжевност“ на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Севгил Муртези